ЕЛЕКТРОНСКА ПУБЛИКАЦИЈА:

# СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ НАСПРОТИ ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИТИСОЦИ И ПРОПАГАНДА, ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ГОВОР НА ОМРАЗА



iM@

Електронска публикација:

# „Слободата на медиумите наспроти политичките притисоци и пропаганда, дезинформациите и говорот на омраза: Како понатаму?“

**Електронска публикација:**

# „Слободата на медиумите наспроти политичките притисоци и пропаганда, дезинформациите и говорот на омраза: Како понатаму?“

**Издавач:**

Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје

**Уредник на публикацијата:**

Петрит Сарачини

**Автори:**
Драган Антоновски,
Младен Чадиковски,
Арта Тахири,
Атанас Кировски,
Жарко Трајаноски,
Петрит Сарачини

**Дизајн:**

Јане Стефанов

*Скопје, мај 2023*

*Оваа електронска публикација е продуцирана со поддршка на Европскиот фонд за демократија (ЕФД). Нејзините содржини не го одразуваат официјалното мислење на ЕФД. Одговорноста за информациите и ставовите изразени во оваа публикација е целосно на авторот(ите).“*

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД [5]**

**СЛОБОДАТА НА ГОВОРОТ СЕ СТЕКНУВА ТЕШКО И МАЧНО, НО МНОГУ ЛЕСНО МОЖЕ ДА СЕ ИЗГУБИ [6]**

Пишува МЛАДЕН ЧАДИКОВСКИ

**СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОИСТОВЕТУВА СО СЛОБОДА ЗА НЕПРОФЕСИОНАЛНОСТ, НЕАРГУМЕНТИРАНОСТ И ДЕЗИНФОРМИРАЊЕ [10]**

Пишува: ДРАГАН АНТОНОВСКИ

**СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ: ПОЛИТИКАТА ГИ ПОДДРЖУВА МЕДИУМИТЕ СО ИЗЈАВИ, А ПРАВИ СПРОТИВНИ ДЕЈСТВИЈА [14]**

Пишува: АРТА ТАХИРИ

**СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ, НИВНАТА ОТПОРНОСТ КОН ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ, И ШТО НÈ ЧЕКА [18]**

Пишува: АТАНАС КИРОВСКИ

**СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ: КАКО ДА СЕ СПРЕЧАТ ШТЕТИТЕ ОД ИНДУСТРИЈАТА ЗА ДЕЗИНФОРМАЦИИ? [22]**

Пишува: ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ

**СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ: НАПРЕДОК СООЧЕН СО СЕРИОЗНИ ПРЕДИЗВИЦИ [25]**

Пишува: ПЕТРИТ САРАЧИНИ

# ВОВЕД

Публикацијата „Слободата на медиумите наспроти политичките притисоци и пропаганда, дезинформациите и говорот на омраза: Како понатаму?“ донесува аналитички текстови, во кои истакнати новинари, уредници и истражувачи со повеќегодишно искуство во медиумите и во професионалните медиумски организации ги изнесуваат своите ставови и мислења за состојбите со слободата на медиумите во земјава.

Авторите ги анализираат наодите од неодамна објавениот Индекс на слободата на медиумите за 2023 година на „Репортери без граници“, во кој Северна Македонија е рангирана на 38-место, најдобро во последните 15 години. Иако оценуваат дека состојбата е подобра од времето на „заробената држава“ и владеењето на Никола Груевски, тие лоцираат повеќе слабости и важни предизвици за слободата на медиумите во земјава.

И со конкретни примери, авторите се осврнуваат на притисоците и односот на политиката и бизнисот кон медиумите, на паралелните медиумски системи на партиите и пропагандата на партиските структури на социјалните мрежи, нетранспарентноста и (не)функционирањето на институциите, правосудството, законите, јавниот сервис...Тие пишуваат и за падот на професионализмот и довербата во медиумите, напливот на дезинформации и говор на омраза, предизвиците на саморегулацијата, како и за дилемите за регулирање на интернет сферата наспроти можните опасности по слободата на изразување.

Во дел од анализите, авторите се осврнуваат и на економските аспекти, како ниските примања на медиумските работници и отсуството на колективни права, или слабата финансиска кондиција на медиумите и недостатокот на ресурси за производство на квалитетни содржини.

Дел од предизвиците што ги посочуваат авторите се последица на дигиталната ера, и со нив се соочуваат медиумите секаде во светот. Развојот на технологијата воопшто, на социјалните мрежи, вештачката интелигенција, дип-фејк, индустриите за производство на дезинформации... Овие глобални феномени, и според согледувањата на дел од авторите, имаат големо влијание и на состојбите кај нас.

Публикацијата е дел од активностите на Институтот за медиуми и аналитика ИМА, поддржани од Европскиот фонд за демократија (European Endowment for Democracy) од Брисел, и е придонес за остварување на заложбите на ИМА за унапредување на слободата на медиумите, развој на критичкото мислење и дебата, и потрагата по решенија за справување со овие важни предизвици.

*Институт за медиуми и аналитика ИМА - Скопје*

# I

## Слободата на говорот се стекнува тешко и мачно, но многу лесно може да се изгуби

Пишува МЛАДЕН ЧАДИКОВСКИ

Македонија после речиси 15 години се врати во првата половина на листата на „Репортери без граници”. Според глобалниот Индекс за слободата на медиумите на „Репортери без граници” земјава се наоѓа на, за наши услови, високото 38-мо место во светот. Релативно високо за земја, која до пред неколку години беше на 123-то место на оваа листа. Навидум прилично добра вест, за новинарите, за медиумите, за целото општество.

Но, секогаш има едно „но”, што треба да не држи и како граѓани, а особено како медиумска заедница, многу будни. Сведоци сме, што добар дел од новинарската заедница прави и правеше во изминатите десетина години за да се избори за слободата на медиумите, за слободата на говорот воопшто. Во време кога фигуративно, течеше „крв до колена” во медиумите, се затвораа телевизии и весници, се шиканираа и плукаа новинари на улица, тогаш вистинските професионалци останаа на страната на вистината, продолжувајќи ја основната битка за новинарското достоинство, за да останат да служат на јавниот интерес, во функција на граѓаните, а не во функција на партијата или партиите кои тогаш беа на власт.

Таа битка беше долга, мачна, со многу жртви, неретко на раб на функционирање и преживување. И што сега? Дали сега треба даречеме - доста е, готово е, слободата е освоена?

За да одговориме на ова прашање ќе се вратиме уште малку назад, во 2007 година. Таа втора година од владеењето на тогашната влада на ВМРО ДПМНЕ, Македонија забележа историски највисок успех на истата листа на „Репортери без граници“, на 36-то место. Но, од таа 2007 година до 2017-та, практично се забележува целосен распад во медиумските слободи и општо во слободата на говорот.

Ова искуствено покажува дека треба да бидеме многу свесни, дека медиумските слободи се лесно кршливи, особено во земји со кршлива демократија, како што е Македонија. Доволен е еден тригер, малку помалку демократски лидер, немање политичка волја, автократска балканска рака,

помала свесност за тоа што значи слободата, за патот да тргне низбрдо, па пак сè да правиме одново. И во актуелниот извештај на „Репортери без граници”, тоа е практично нотирано, дека медиумскиот пејсаж остава простор да стравуваме и понатаму.

## Комплексен медиумски пејсаж

Слободата на медиумите е основен пилар на секое демократско општество, обезбедувајќи критична платформа за слободно изразување, одговорност и транспарентност. Меѓутоа, мора да се напомене дека медиумската сцена во Македонија станува сè покомплексна, со предизвици предизвикани од политички притисоци, пропаганда, дезинформации, говор на омраза. И покрај релативно доброто рангирање во однос на слободата на медиумите, остануваат значајни прашања.

„Репортери без граници“ во својот најнов извештај за Македонија наведуваат дека, раширените дезинформации и недостатокот на професионализам придонесуваат за опаѓање на довербата на општеството во медиумите, што ги изложува независните медиуми на закани и напади, а тенденцијата владините функционери да имаат лош и понижувачки однос кон новинарите продолжува.

„Поради силната политичка поларизација, медиумите можат да бидат подложени на притисок од страна на властите, политичарите и бизнисмените. Двете најголеми партии (на власт и во опозиција) создадоа паралелни медиумски системи врз кои го вршат своето политичко и економско влијание. Јавниот радиодифузен сервис нема уредувачка и финансиска независност“, пишува во извештајот.

„Репортери“ нотираат и дека транспарентноста на институциите е прилично слаба. Последниот случај со договорот за изградбата на коридорите покажа на дело колку недоволната транспарентност може да предизвика штета во целата индустрија. Ја отвори пандорината кутија на шпекулациите, дезинформациите, ја покажа на дело штетноста на недоволната транспарентност или на неквалитетната, несуштинската транспарентност. Дали сите што сметаат дека договорот е лош, затоа што немаат доволни информации, се непријатели на САД, на македонската Влада и се против изградба на патишта? Се разбира дека не. Даночните обврзници на Македонија имаат право да знаат како се трошат нивните пари, а менаџерите на тие пари мора да бидат целосно отчетни за секој потрошен денар. Новинарите како претставници на јавноста не смеат да бидат критикувани за прашањата што ги поставуваат.

## Да го забраниме Интернет?!

Јасно е дека живееме во ера на пропаганди и дезинформации, што ја поткопуваат и довербата во медиумите, го нарушуваат интегритетот на

медиумите и ја нагризуваат довербата на јавноста. Како што вели познатиот новинар Ден Ратер, „начинот на кој се шират дезинформации и пропаганда денес е различен од она што беше пред неколку децении, но основниот концепт е ист. Се работи за контрола на наративот, а тоа е нешто што ја загрозува нашата демократија”.

Битката со дезинформациите и пропагандата во Македонија може и треба да се води на неколку нивоа. Прво, во реформата на менталитетот на носителите на одлуките, но создавањето на партиски онлајн системи за пропаганда или дезинформации секако не оди во прилог на оваа битка.

Паралелно, новинарската и медиумската заедница има обврска да ги засили саморегулативните тела. Саморегулацијата е од суштинско значење за одржување на интегритетот на медиумите и за обезбедување на етички стандарди. Сите знаеме дека не е совршена, можеби понекогаш ни се чини и дека не е доволна, но тоа во овој момент е најдоброто нешто што го имаме.

Што е втората опција? Да го забраниме Тик Ток? Или да го забраниме Фејсбук? Или Инстаграм? Или Гугл? Твитер да го забраниме? Не, ајде да го забраниме целиот интернет!? Ја сфаќате ли сериозноста на една ваква одлука? Да не бидеме погрешно сфатени, на интернет има многу глупави работи. Гадости, промоција на криминал, поттикнување на насилство, има сешто. Но, дајте да научиме да читаме. Да го одвоиме новинарството од пропагандата. Да им дадеме заслужено место на професионалците во онлајн просторот, да трагаме по начините што ќе направат достапност за граѓаните за вистинското новинарство. Сето друго, говорот на омразата, ширењето на дезинформации и пиратеријата, е веќе регулирано со законите во Македонија, само треба да дозволиме да функционира правната држава, со почитување на законите.

Во срцето на проблемот во Македонија лежи и прашањето на финансиската слабост, која ја загрозува независноста и одржливоста на медиумската индустрија. Новинарите се недоволно платени, а медиумите мака мачат да одржат високи новинарски стандарди поради недостаток на ресурси. Начините за нивно подобрување лежат во овозможување на форми за зголемување на квалитетот на новинарскиот продукт, без да се дозволи кој било, сега или во иднина, да влијае на нивната уредувачка политика.

## Тешко до слободата, ама лесно до неслободата

Само со негување медиумска средина која ги поддржува принципите на слобода, професионализам и одговорност, Македонија може успешно да се соочи со предизвиците на политичките притисоци, пропагандата, дезинформациите и говорот на омраза, во исто време поттикнувајќи информирано и ангажирано граѓанство.

Да се навратам на почетокот, поминавме тешки премрежија за да го ослободиме просторот, но кога ќе ги погледнеме сите следни предизвици мора да сме свесни дека е време за суштински промени кои ќе гарантираат финансиска слобода на работењето, затоа што слободата на говорот, на мислата, тешко се стекнува, мачно се заработува, но искуството ни вели дека многу лесно може да се изгуби. Да не го дозволиме тоа.

Затоа денешното 38-мо место на „Репортери без граници“ не треба да не прави среќни, туку треба да бидеме будни. И да ги бараме решенијата.

*(авторот е новинар и претседател на Здружението на новинарите на Македонија)*

# II

## Слободата на медиумите не може да се поистоветува со слобода за непрофесионалност, неаргументираност и дезинформирање

Пишува: ДРАГАН АНТОНОВСКИ

Нема голема философија за потребата за слобода на медиумите. Тоа е императив, одлика на демократските општества, цел на професионалните новинари, сатисфакција за лидерството на која било држава. За неа треба да се бориш и да се избориш. Таа борба е постојаност, дел од медиумските работи.

Еднаш освоената слобода воопшто не значи дека тоа ќе остане така. Еднаш победен режим, власт, политичка елита, воопшто не значи дека тој следниот, новата власт, нема да сака да те врати повторно под контрола. И тоа е постојаност. Во тој амбиент на „еден чекор напред, два назад“, што е слика и амбиент за целото општество, новинарската професија не може да биде изземена.

Информирањето е работа за професионалци. Но, и таму ги има и добри, и приучени и натрапници, рекетари кои ја злоупотребуваат професијата. Исто како и во општеството. Пропагандата ја потисна информацијата и таа најлесно поминува. Одлично се продава кај неинформираното граѓанство, поминува кај полуписмената јавност, а ботовите и политичките војски ја пренесуваат и го бетонираат незиното влијание по социјалните мрежи. Сето ова се препродава со поддршка на исто таквите, полуписмени или приучени „новинари“ на порталскиот и интернет простор.

Изворите на пропагандата не се неуките и неписмени луѓе. Напротив, тоа се сериозни аналитички центри, ПР агенции, комуниколози и медиумски професионалци. Тие точно знаат што сакаат да постигнат. Исто како и со дезинформациите, и пропагандистите имаат јасна цел, да скријат една и да продадат и фокусираат на друга „вистина“.

Најчесто тоа се „продава“ преку платени медиуми, портали, телевизии, текстови, и тоа е она што е видливо и за помалку упатените. Скриените пропаганди многу често се подметнуваат и преку останатите кои немаат таков предзнак на пропагандистички мегафони - преку податливи новинари,

кои понекогаш, во ловот по ексклузивитет или поради безидејност, знаат да влетаат и да бидат алатката преку која ќе се продаде или дезинформацијата или пропагандистичката порака.

Заблуда е кога се мисли дека манипулираат само политичките елити, партиите и министрите. Не помалку платениот ПР, не само економски, се испорачува преку рекламите, огласите и едно сеопфатно бизнис влијание. Во пакетот на „огласувачи“ поминуваат мултинационални корпорации, инвеститори, бизнис структури кои ги финансираат медиумите или новинарите поединци, и на тој начин обезбедуваат влијанија и за себе и за партиите, односно власта која ги остава комотно да ги работат своите бизниси.

Во тој конгломерат на купено влијание, во кој се измешани политичките и бизнис интереси, за начинот на кој се обезбедува влијанието кое има општ наслов „притисоци, дезинформации и пропаганда“, потпомага и социјалниот статус на медиумските работници, кои со години наназад се лесно куплива роба - поради ниските плати, отсуство на колективни права и договори од една страна, како и отсуство на правила во професијата. Недостасува разграничувањето на различностите, кои не секогаш се богатство на амбиентот, а тоа е кој може да се детерминира како новинар, кој е професионалец, кој маргиналец, што значи автор, а што препишувач, и на крајот - што значи медиумски уредник, а што медиумски пропагатор.

Можна насока за излез се професионалните новинарски здруженија, кои за жал со децении наназад немаат храброст отворено да се оградат од оние кои го урнаа угледот на новинарската професија. Ако се нема храброст за лиценци како и во секоја професија, можеби, колку и да звучи елитистички, новинарските здруженија мораат, пред сè, да направат разлика и да покажат со прст на злоупотребите на професијата. На пример, за не-новинарски работи би можело да одземе членството во ЗНМ, а не да се оди на голема бројка на членство во која се измешани сите. Советот на честа на најстарото новинарско здружение мора да има став, а не страв од влегување во војна со пропагандата во име на професионалноста.

Членството треба да се заслужи, не да се пребројува.

Има проблем и со новинарскиот фокус или, попрецизно, дефокус. Новинарските редакции сè повеќе се фокусирани на покривање на диктираните настани, отколку на откривање на настани.

На пример, темата за изградбата на автопатите од „Бехтел и Енка“ е на ниво на турска серија со секој почеток на кои било вести, а главните јунаци се опозицијата која вели дека е криминал, наспроти власта која вели дека е историски договор!? Јавноста е како во арена, поделена. Навивачки, секој за својот тим со едно „Уаа лопови“. А, ниту една новинарска редакција, барем јас не забележав, дека побара повеќе информации од фирмите, или од амбасадите кои се појавија како поддршка на истата бина со сите инволвирани страни.

Колку држеше фокусот за застареното дело на Сашо Мијалков, односно ја дотеравме ли приказната до тоа чија е одговорноста? Немавме воопшто тема дека благодатниот оган за Велигден беше донесен со службениот владин авион, ама имавме дека некој министер ја возел службената кола за приватни или партиски обврски. Мигрантката која беше несреќно убиена преку шверцерските канали не беше јака тема за истражување. Изјавата на Гир дека е катастрофална состојбата со корупцијата беше само дневна изјава. Писмото на Агелер за македонските судии го снема, или изјавата на Ленче Ристовска, иако тоа е деценискиот баланс на македонската демократија - сè е тоа е само дневна новинарска приказна.

Тоа што информациите по медиумите имаат (с)поделена вистина, секој слуша само тоа што му одговара и воопшто не го интересира втората страна, е пракса која ниту новинарите веќе не ги загрижува, ниту пак на неа од некого се инсистира. Тој медиумски дефект, како дел од загадениот простор, израсна пред сè од просечноста на лидерството, од парламентарната говорница, па партиските пресови и секако од новинарските трансмитери, кои без задршка пренесуваат, а не анализираат. Тоа не е притисок, тоа е пристап.

Поинаку кажано, во оваа држава секој има своја вистина, граѓанинот една, административецот друга, работникот трета, политичарот четврта, помножено со бројот на партиите, и како реалност: вистината и безочната лага, информацијата и дезинформацијата, клеветата и фактите во стилот на „реко ми човек" - се изедначуваат кај полуписмениот или неупатениот читател.

Во таа слобода на медиумска неписменост и не се потребни некакви големи притисоци за да некој каже некаква „вистина", клевета , лага... Едноставно, пропагандистите, преку социјалните медиуми или тој недефиниран интернет простор, си купија свои колумни, свои партиски говорници, преку ботовите си создадоа машинерија која продава сè и сешто за да се девалвира противникот, или промовира и покачи нарачаниот рејтинг.

Потаму, понижувањето на новинарите од страна на највисокото политичко водство не мора да е само притисок, може да е и одговор на бизнис планот на мегафоните на медиумските магнати - сопственици и на медиумот и на ставот на уредниците. Или, можеби и одговор на новинарскиот рекет и медиумската неписменост од кои никој не се оградува. Сè тоа е двонасочна улица.

Онлајн просторот и социјалните медиуми ама баш никој нема интерес да ги регулира. Саморегулацијата не поминува кај полуписменото и некадарно општество, со кое сакаат да владеат некапацитетни ликови и партиски профитери.

Пропагандата и дезинформациите се, пред сè, политички и бизнис план. Животните прилики, егото на некои ликови кои делуваат како

платеници за подбив и говор на омраза, тоа е во мејнстримот на овие простори. Маргинализација на фактите, невистините потхранети со непрофесионалноста, оставаат просто изопачените идеи во секое време да експлодираат, особено кога наративот е меѓуетнички и геополитички.

Да ја имаш слободата на просторот, пристапноста и неограничената гласност - и тоа е проблематично во несредено општество. Демократија без правила, ред и поредок преминува во анархија. Слободата на медиумите не може да се поистоветува со слобода за непрофесионалност, неаргументираност и дезинформирање. Медиумските слободи подразбираат професионалност, кодекс и на пишување и однесување.

Малограѓанштината во претпладневните ТВ контактни програми, каде партиски платеници, дали со осмо одделение и една екскурзија или не, напаѓаат и дебатираат за геополитика и имаат по цел час простор, а на новинарските професионалци во вестите на која било телевизија не им се дозволува прилог подолг од 1 минута и 30 секунди или до 2 минути, не е ништо друго туку потценување на професионалноста и релативизирање или уништување на информацијата и на информативниот сегмент во медиумите. И потценување на публиката.

Денес секој може да пишува, да мрази, да блуе, да бербати. Секој може да се крие зад маската на некаков патриотизам, нечиј интерес и дефинитивно не важи повеќе она старото - дека после напишано и објавено, треба и ноќе да спие. За жал нема немир, сите спијат.

Новинарската професија, медиумските работи бараат целосна посветеност и одговорност. Таа сепак треба да се работи согласно нејзините правила и етички кодекс. А, слободата е во тоа што нема ограничување на темите, нема забранети и неодговорени прашања. Зборувам за сработено според стандардите, не според емоциите. Според јавниот, а не личниот интерес. Тука нема место за субјективниот, партискиот или бизнис интересот. Кога зборуваме за професија. Е, само во таква слобода нема лимит. Сѐ останато е узурпирање и (зло)употреба на новинарството, новинарите и (не)професионалците.

*(Авторот е новинар и генерален директор на Медиумската информативна агенција МИА)*

# III

## Слобода на медиумите: Политиката ги поддржува медиумите со изјави, а прави спротивни дејствија

Пишува: АРТА ТАХИРИ

На Денот на слободата на медиумите, 3 мај, социјалните мрежи беа преплавени со бројни честитки од политичките партии, кои изјавија дека се за поголема слобода на медиумите, што подразбира овозможување на соодветни услови и општествено-политички амбиент, во кој новинарите би ги извршувале своите професионални обврски. Многу политичари ветија дека ќе бидат партнер на медиумите и новинарите и дека ќе бидат транспарентни и со отворени врати за нивниот интерес.

Но, вон декларативното ниво, партиите со конкретни дејствија честопати докажуваат дека не се многу за либерализирање на медиумите, користејќи различни начини да влијаат врз нив. Што изјавуваат партиите од власта и како се однесуваат во политичката реалност? Како ги третираат медиумите и дали се мрзливи да одговорат на тешки прашања? Дали ги бојкотираат телевизиските дебати? Дали партиите имаат информативни портали во свои раце?

### Политичките партии со изјави на поддршка за слободата на медиумите

На Меѓународниот ден на слободата на медиумите, премиерот Димитар Ковачевски, кој е и претседател на најголемата партија на власт, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, порача дека „Слободата на изразување е двигател на сите други човекови права. Овозможува дијалог, гради разбирање и го зголемува јавното знаење, придонесува за аналитичност на одлуките што ги носиме и води до подобри политики“.

Демократската унија за интеграција изрази „длабока почит кон сите медиумски работници, кои се мисионери на правично информирање на граѓаните, нивниот глас на транспарентност и критичко размислување е суштински предуслов за развојот на земјата“. Дури, од партијата на Ахмети

тврдат дека вратите на ДУИ отсекогаш биле и останувaат „отворени за секој новинар и медиумска куќа“.

Алијансата за Албанците изјави дека „Сите ние, како граѓани на оваа земја, носители на јавни функции, претставници на институции, носители на различни професии, сме должни да ја поддржуваме и заштитиме слободата на медиумите и да обезбедиме новинарите да ја известуваат вистината без цензура и страв од какви било последици“.

И партијата Алтернатива изјави дека „докажала дека ја почитува оваа вредност до крај и се залага и другите да се ангажираат за нејзино почитување, заштита и афирмација“.

Објективно, мора да се признае дека по падот на Владата на Груевски, власта и институциите покажаа поголема транспарентност, што подразбира и подобра комуникација со јавноста. Ова го потврдува и извештајот на меѓународната организација „Репортери без граници“, во кој Северна Македонија е на 38 место по слобода на медиумите од 180 рангирани земји, што значи дека состојбата е помалку или повеќе добра или задоволителна. Во 2016 година државата беше на 118 место.

Сепак, односите меѓу владата и медиумите се далеку од одлични.

## Власта со уста полна слобода, но со функционери кои се конфронтираат со новинари

Каква е вистината? Политичките партии на власт се чини дека се за слобода на изразување и слобода на медиумите, сè додека не им се нарушува политичката позиција и не се поставуваат „тешки“ прашања, кои се сосема легитимни и во име на јавноста.

Самиот премиер Ковачевски во јануари годинава изрази квалификации за уредувачката политика на некои медиуми. „Што се однесува до мене, можам да кажам дека во државата има медиум чија уредувачка политика повеќе наликува на политиката на една компанија која тргува со енергенси, а има и медиум чија уредувачка политика повеќе личи на уредувачка политика на партиски сектор за комуникација“, изјави тој - прашан за коментар за изјавата на лидерот на ДУИ, Али Ахмети, кој во контекст на длабоките внатрепартиски поделби, гласно изнесе заклучок, етикетирајќи две телевизии како непријатели на Албанците. „Кому му служиме со овие движења што се прават, се разбира на непријателите на Албанците, тие аплаудираат. Алфа, Телма, Мелма“, кажа Ахмети на партиски митинг.

Конфронтации со новинари имаа и двајца владини министри. Прvиот вицепремиер Артан Груби на 8 март годинава одби да му одговори на новинарот на ТВ Телма, кој му рече дека „забегал“ со одговорите за фирмата

„Ептиса“. Груби побара од новинарот да му се извини. Откако не го кажа јасно извинувањето, Груби бараше од новинарите да му постават други прашања, чувствувајќи се навреден од колегата од Телма.

На една прес-конференција на 14 декември минатата година, министерот за економија Крешник Бектеши на прашање на Алсат зошто не се случува замрзнување на цените, даваше лекции по новинарство. Наместо директно да одговори, Бектеши рече „Одлично прашање, секој има потреба од протагонизам и тоа вчера беше протагонизам (случајот со новинарка на Канал 5), сигурно и ова денес. Но не е проблем, тука сме да им одговараме на граѓаните, директно, отворено“.

Ден претходно, на прашање на Канал 5 зошто земјава го плаќа гасот поскапо од цените на берзите, министерот Бектеши возврати со тврдење дека новинарите поставуваат прашања во координација меѓу себе, алудирајќи дека се работи за тема на ТВ Телма, која, според него, е во блиски односи со Макпетрол, кој не го добил тендерот за гас.

## Политиката често ги бојкотира дебатите, новинарите се соочуваат со затворени врати и телефони

Покрај овие, не се ретки случаите кога новинарите наидуваат на затворени врати на институциите и нивните раководители или претставници, дури и кога не им се поставуваат прашања што ги „фаќаат во тесно“!

Се случува и портпаролите на партиите или институциите да не креваат на телефоните или да не одговараат на телефонските пораки на новинарите. Во меѓувреме, не е мал бројот на институции кои немаат портпароли, или можеби имаат „гласноговорници“ од посебен тип, кои се платени, а не се појавуваат во јавноста.

Веќе е јавна тајна дека политичките партии во директна и индиректна форма „поседуваат“ бројни портали кои ги финансираат нетранспарентно и преку разни несистемски начини.

Се случува токму политичките партии кои зборуваат за слободата на медиумите тивко да бојкотираат одредени медиуми, одбивајќи да учествуваат во дебати или да поставуваат услови за учество, во стилот „не сакаме со оваа или онаа партија“, „не сакаме со овој или оној аналитичар“. Ова се случуваше и се случува, иако според европските демократски стандарди, политиката мора да одговори на интересот на медиумите, без разлика на темата и без разлика на медиумскиот формат или новинарски жанр.

Северна Македонија прави многу мали чекори на полето на слободата на медиумите, додека историски, политиката имала влијание врз медиумите, и врз оние државните, но и врз приватните.

Знаејќи дека нашата демократија е во тековен развој, треба да се направат напори медиумите и политиката да стигнат до точка на меѓусебно почитување врз здрави демократски основи, еден однос на меѓусебна соработка меѓу двата сектора, кои го чуваат својот простор и не се мешаат еден кај друг.

Еден ден, и во Северна Македонија новинарите треба да престанат да размислуваат и да се однесуваат како политичари, додека политичарите да престанат да мислат дека новинарите треба да бидат во нивна служба!

*(Авторката е новинарка и уредник на вести во ТВ Алсат)*

# IV

## Слободата на медиумите, нивната отпорност кон лажните вести, и што нè чека

Пишува: АТАНАС КИРОВСКИ

Борбата за слободата на медиумите денеска добива сосема поинаква димензија од времето кога почнував во оваа благородна професија што се нарекува новинарство пред повеќе од 30 години. Тогаш битките кои беа пред нас беа јасно исцртани. Требаше само храброст да се водат.

Првата и најзначајната беше плурализација на медиумските простор и отворање на приватни медиуми, со алтернативна интерпретација на стварноста од државните медиуми, кои повеќе или помалку беа под контрола, а понекогаш и цензурирани од ЦК на СКМ. Втората битка беше укинување на вербалниот деликт, а потоа и декриминализација на клеветата. Беа тоа големи победи, кои ни даваа голема надеж дека нашето општество конечно ќе се демократизира и модернизира. Времињата кога заради некои ситници во известувањето или во пишан текст, суетен политичар, ревносен цензор или тенденциозен обвинител можеше да ве обвини за „напад и омаловажување врз ликот и делото на другарот од комитетот“ веќе се далечно минато, а на помладите генерации тие времиња може да им се прераскажуваат анегдотално.

Откако се појавија интернетот и социјалните медиуми, и во Македонија, како и во целиот свет се случи тотална демократизација на медиумскиот простор. Се појави и „граѓанското новинарство“, каде што секоја единка на некој начин стана потенцијален новинар кој може да известува за некој настан, феномен, девијација во општеството. Некогаш скапата и недостапна камера веќе не е во рацете само на неколкумина сниматели, кои заедно со новинарите и уредниците решаваа кога да биде вклучена и да снима. Сега буквално сите имаат мобилни телефони, а секој мобилен телефон стана камера. Социјалните медиуми го донесоа потенцијалот за целосна демократизација на јавниот дискурс, со можност за активна партиципација на секој граѓанин на која било тема.

Политичките притисоци и пропагандата во традиционалните медиуми

се драстично намалени во споредба со периодот кога на власт беше Никола Груевски, а тоа е потврдено и со скокот на листата за слобода на медиумите што ја изготвуваат „Репортери без граници“, каде што Македонија е на 38-то место, најдобро рангирана од сите балкански земји.

Денес, борбата за слобода на медиумите се води на сосема нови фронтови. „Тоталната слобода“ што ја донесе интернетот целосно го преклопи јавниот дискурс и го контаминира медиумскиот простор. Социјалните медиуми, кои имаа потенцијал да донесат целосна демократизација, и кои важните општествени дебати можеа да ги приближат буквално до секого, наместо да бидат носители на новиот демократски дискурс во општеството, го направија секој обид за сериозна дискусија безмалку невозможен. Јавно искажаниот збор многукратно се девалвира, целосно лишен од одговорноста за она што е напишано. Она што би требало да биде дебата, на социјалните мрежи е одамна претворено на судир на партиски ботови кои промовираат исклучивост, нетолеранција, ad hominem дисквалификации и грозни етикети.

Како што АВМУ ги регулира традиционалните радиодифузери –радијата и телевизиите, многу бргу ќе мора да има барем некаква регулација и на интернет сферата. Некој мора да се справи со овој грозен наплив на навреди, говор на омраза, повици за линч. Парадоксално е, но ќе мора да ограничиме дел од интернет слободата, за да си ја вратиме вистинската слобода.

И македонското правосудство мора да се прилагоди на новите времиња. Кога светот е целосно дигитализиран, во Македонија во судовите и натаму доминираат дактилографките и машините за чукање, а судовите не ги третираат порталите како медиуми. Тоа мора да се смени под итно, затоа што без судска заштита, секој може непречено да шири лажни вести, пропаганда, клевети и да не одговара.

Колку брзо се дигитализираше и трансформираше светот, и до каква апсурдна ситуација нè доведе, па сега оние што беа шампиони во барањата да се декриминализира клеветата, да се укине вербалниот деликт, а власта и судовите да не се мешаат во работата на редакциите, се превртија. Истите тие што бараа поголеми слободи, почнувајќи од мене лично, сега бараат засилена регулација на медиумите и вклученост на судството во справувањето со тешките форми на рекет, говор на омраза и закани преку интернет порталите и социјалните мрежи.

Ситуацијата со интернет порталите, иако тешко, можеби и некако ќе биде ставена под контрола. Но, не гледам како ќе се справиме со токсичните последици на големите социјални мрежи. Јанис Варуфакис нив ги опишува како рентиери во новата ера на техно-феудализмот, при што колку повеќе говор на омраза се креира, дотолку подобро за висината на рентите што ја земаат феудалните техно-менаџери што ги поседуваат Фејсбук, Твитер, Инстаграм и другите големи социјални мрежи. Капиталот во облак (cloud) е новата огромна закана не само за вистината и слободата на изразувањето,

туку тоа веќе задира и во други општествени девијации како промоција на насилство, стимулирање на воајеризмот, и особено, укинување на правото на приватност на либералната индивидуа.

Борбата што е однапред загубена со партиските ботови, бездруго ќе се мултиплицира со вештачките чат-ботови, кои веќе ги креира вештачката интелигенција. Развојот на Чат ГПТ, и воопшто развојот на вештачката интелигенција во лабораториите во Силициумската долина, но сигурно и по лаборатории кои ги поседуваат автократски режими како Пекинг или Москва - веќе имаат смислено технолошки опасности на кои како луѓе, и особено како медиумски работници што се залагаат за објективно известување, нема да може да се спротивставиме.

Неодамна Гардијан се жалеше дека имало злоупотреби со текстови генерирани од вештачка интелигенција, а поткладени како авторски текстови на Гардијан. Можностите за манипулации се несогледливи, а тие можности ги исплашија и самите автори на програмите за вештачка интелигенција, кои признаваат дека не можат да го контролираат до крај она што го имаат создадено, па самите побараа шестмесечен мораториум во развојот на ВИ.

Една од тие опасности е неверојатно брзиот развој и усовршување на дипфејк технологијата, која не доведува во ситуација да не може да си веруваме на сопствените очи. Некои медиуми објавија дека елитните единици на американската армија потпишале договори за користење на најсофистицирани дипфејк програми. Многу бргу, на видео снимките нема да може да им се верува воопшто, и тие целосно ќе станат орудие за злонамерна пропаганда. Според проценките, на Тик-Ток има околу 200.000 видеа, со дипфејк, зачинети со малку музика и „патриотска пропаганда“ каде што на пример воени злосторства извршени во Сирија, се потклаваат како „факти“ од теренот во Украина. Освен за кажаниот збор, ќе треба ли редакциите да развиваат и специјализирани оддели за проценка на вистинитоста на видео материјалите пред да ги објават?

Македонија и натаму е подложна на агресивна руска пропаганда, која наоѓа плодна почва делумно и поради фрустрациите кај граѓаните од тоа што самата ЕУ не го држеше зборот па постојано испорачува нови и нови услови за отпочнување на преговорите со ЕУ. Пред референдумот за „Преспанскиот договор“, кој на крај заврши со гласање на 80 пратеници во парламентот, речиси и да немаше европски лидер кој не дојде во Македонија со пораката - направете го овој последен компромис за да се придружите на европското семејство. Сега истиот рефрен се преповторува околу уставните измени, со кои треба да се впишат Бугарите во Уставот, но, се разбира, нема гаранции дека за 2-3 години нема да биде испорачан некој нов уште потежок услов за Македонија. Таа неконзистентност и чувството дека 30 години само се подига некаква летвичка со цел таа никогаш да не се дофати, доведе до силно опаѓање на поддршката за евроатлантските

интеграции во Македонија, и истовремено, даде широки можности на пропагандата и продукцијата на лажни вести од злонамерни центри на моќ како што е Москва. Светот забрзано се движи кон нова студена војна меѓу САД и ЕУ од една страна и Кина и Русија од друга. Македонија одамна го има направено изборот каде и на кои вредности припаѓа, но тие вредности треба да се негуваат и чуваат.

На прашањето како понатаму со медиумите, најдобриот одговор е со одговорно, чесно, балансирано, фер новинарство, без заземање страни, со проверка на фактите и нивно ставање во вистински контекст. Но, ова е лесно да се каже, а тешко да се оствари во праксата.

Тука фонот мора да го одреди јавниот сервис, како што тоа го прават големите јавни сервиси во Европа како Би-Би-Си, или во регионот ХРТ, ЕРТ, па дури и РТС. МРТ е во очајна ситуација со децении. Првиот програмски сервис е тотално нерелевантен, а има 3-4 години, не се ни мери во рејтинзите, кои само би ја потврдиле тажната слика во која е МРТ.

Примарната задача на приватниот сектор е да генерира профит, а се грижи за општествената одговорност онолку колку што е тоа минимум неопходно за да не ја загуби лиценцата за емитување. На крајот на краиштата, видовме како се однесуваше најгледаната информативна мрежа во САД, Фокс Њуз, која самата призна дека измислувала приказни дека демократите му ги украдоа изборите на Доналд Трамп со помош на екстремната левица од Венецуела, и наводно штелување на алгоритмите на гласачките машини во корист на Бајден. Фокс њуз веќе исплати 787 милиони долари во вонсудски спор, а ќе исплаќа и други пари во тужби. Поентата на тоа е дека раководството на телевизијата проценило дека поевтино им е да платат 2-3 милијарди долари во судски спорови, отколку да ја кажат вистината, па да ги загубат гледачите кои би се префрлиле на уште подесничарски информативни мрежи. Фокс њуз свесно ја жртвуваше вистината и лиферуваше лажни вести, за да ја задржи гледаноста , а со тоа и профитите, што можеше да доведе до страшни последици, кога голема толпа се обиде да влезе во Капитол хил на 6 јануари 2021 пред инаугурацијата на Бајден.

Ова илустрира дека само големи медиумски куќи и редакции ќе можат во иднина да бидат отпорни на лажни вести и пропаганда, бидејќи еден од основните услови е финансиската независност. Иако состојбата со лажните вести кај македонските традиционални медиуми засега не е алармантна - набргу ќе стане. Особено ако не се направат долгонајавуваните реформи во јавниот сервис, и ако продолжи одлевањето на парите за маркетинг во дигитален маркетинг, а буџетите за телевизиите секоја година стануваат сè помали.

*(авторот е новинар и поранешен главен уредник на ТВ Телма и дописник на Би-Би-Си)*

# V

## Слобода на медиумите: Како да се спречат штетите од индустријата за дезинформации?

Пишува: ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ

„...во секој агол од светот, слободата на печатот е нападната. Вистината е под закана од дезинформации и говор на омраза кои настојуваат да ги заматат линиите помеѓу фактот и фикцијата, помеѓу науката и коспирацијата“ (од пораката на секретарот на Обединетите Нации Антонио Гутереш за 3 мај 2023)

Контаминацијата на медиумите со лажни содржини и пропаганда беше во фокусот на овогодишниот извештај на Репортери без граници за слободата на печатот (2023), кој го промовираше изразот „fake content industry“ (индустрија за лажни содржини) како закана за новинарството.

Согледувањата на „Репортери без граници“ се дека медиумскиот пејзаж драматично се менува, меѓу другото, како последица на подемот на индустрија за лажни содржини „која произведува и дистрибуира дезинформации и обезбедува алатки за нивно производство“.

Дел од таа индустрија за лажни содржини е несомнено политичко-пропагандна. Во 118 од 180 земји рангирани на Индексот во 2023 година биле забележани масовни политички кампањи со дезинформации и пропаганда.

Но, посебно место во извештајот има ширењето на лажни содржини на Твитер по преземањето од страна на Маск, како и виралното ширење на содржини генерирани од вештачка интелигенција, како што беа, на пример, виралните фотографии генерирани од AI со Макрон, папата и Доналд Трамп.

Извештајот на „Репортери без граници“ предупредува на последиците од индустријата за лажни содржини во дигиталниот еко-систем, кои се закана за квалитетното новинарство: „Се замаглува разликата помеѓу вистинитата и лагата, реалното и вештачкото, фактите и изопачувањата, со што се загрозува правото на информации“.

„Репортери без граници“ предупредуваат на масовно ширење на манипулативни содржини од страна на „индустријата за дезинформации“, најмногу на социјалните платформи.

Добар дел од таа индустрија е воено-пропагандната машинерија, чии ефекти се особено видливи во Европа по инвазијата на Русија врз Украина. Но, не само во Европа – Кина, на пример, е на претпоследно место во Индексот, не само поради тоа што најмногу затвора новинари, туку и како најголем извозник на пропагандни содржини.

За жал, кинескиот случај на еднопартиско уредувачка политика, каде што режимот ги признава медиумите и новинарите само како гласноговорници на ККП и државната пропаганда, не е осамен. Зад Кина на Индексот на Репортери без граници е Северна Кореја каде што може да те испратат во концентрационен камп не само заради критика на режимот, туку и заради гледање на странски онлајн медиуми. Пред Кина на Индексот е Виетнам, каде што медиумите се исто така контролирани од единствената комунистичка партија, која тероризира независни новинари и блогери.

На овие земји им се приближува и Русија, која откако изврши инвазија врз Украина, ги забрани или блокираше речиси сите независни медиуми, воведувајќи драконски казни до 15 години затвор за ширење на „лажни информации“ за руските вооружени сили.

Имајќи предвид дека годинава само во 8 земји ситуацијата е оценета како „добра“ (исто како и минатата), а бројот на земји каде што ситуацијата е многу сериозна е зголемен од 28 на 31, скокот на Македонија за 19 места на Индексот на слободата на печатот е изненадувачки добар показател. Но, не треба да се паѓа во некаква еуфорија, затоа што ситуацијата кај нас не е оценета како добра, туку како „задоволителна“.

Воопшто не треба да се занемарува детектираниот проблем на ширење дезинформации и сајбер-закани на социјалните мрежи и во дигиталната сфера.

Како да се спречат кај нас штетите од индустријата за дезинформации – е прашање со кое сериозно треба да се позанимаваат државните институции, кои се честопати мета на кампањи со дезинформации и хибридни закани.

Секако, битката со дезинформациите е предизвик и за медиумите и новинарите, кои се соочуваат со намалена доверба како последица на нивната непрофесионалност и немањето капацитети да се спротивстават на индустријата со дезинформации.

За жал, и државата засега не покажува доволно капацитети „да ги детектира непријателските извори на пропаганда, дезинформации и лажни вести, за да може ефикасно да ги неутрализира нивните негативни ефекти“, иако веќе стратешки се определи да гради такви капацитети (на пример, во „Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни

закани“, за која јавноста нема доволно информации како се спроведува, и дали воопшто се спроведува).

„Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани“ предвидуваше „создавање способност за детекција на дезинформативни и психолошки операции, како и способност за справување со интернет „тролови” и користење вештачка интелигенција во процесот на ширење лажни вести и дезинформации“, преку „создавање постојан и ефективен систем за стратегиска комуникација“. Засега, не можеме да детектираме таков ефективен систем за стратегиска комуникација против дезинформативни и психолошки операции, ниту пак траги на користење вештачка интелигенција против ширењето дезинформации.

За да се изгради ефикасен систем против дезинформации, неопходно е прво детално да се мапира индустријата за лажни и манипулативни содржини, и нејзините ефекти врз општеството. Дури откако ќе се мапираат „индустријалците“, „фабриките“, „фабричките ленти“, „трудбениците“, „дистрибутивните мрежи“ и ќе се профилираат „консументите“, може да се пристапи кон дизајнирање на конкретен план за акција.

Овој план за акција би требало да содржи конкретни мерки за намалување на производството на дезинформации, за ограничување на дистрибуцијата на дезинформации и за создавање имунитет и отпорност кај публиката. Но, таков ефективен план за акција можат да создадат само власти и институции кои имаат капацитети и политичка волја за борба против индустријата за дезинформации.

А има ли политичка волја за борба против индустријата за дезинформации – имајќи предвид дека најголемите партии кај нас не се само мета, туку и производители на манипулативни, пропагандни и лажни содржини?

*(Авторот е раководител на истражувања во Институтот за медиуми и аналитика ИМА)*

# VI

## Слобода на медиумите: Напредок соочен со сериозни предизвици

Пишува: ПЕТРИТ САРАЧИНИ

Глобалниот индекс за слобода на медиумите на „Репортери без граници“ за 2023 година е потврда за очигледниот неколкугодишен напредок на земјава во оваа важна област за секоја демократија. Но, Индексот ги потврдува и посочува и проблемите и недостатоците со кои таа се соочува, како и сериозните предизвици за иднината.

Не треба да се занемари фактот дека 38-мото место за Северна Македонија на Индексот е најдобро рангирање за земјава во последниве 15-тина години, подобро и од другите земји во регионот како Словенија, Хрватска, Грција, Бугарија, Албанија, Србија, Црна Гора и Косово. Секако дека состојбата со медиумските слободи е многу поинаква и подобра од онаа што ја остави автократското владеење на Никола Груевски и од 111-то место на Индексот во 2017 година.

Но, ова не значи дека констатираните проблеми не се сериозни и сложени. Напротив.

Извештајот на „Репортери без граници“ посочува на закани за слободата на медиумите од широко распространетите дезинформации, недостатокот на професионализам и намалувањето на општествената доверба во медиумите, што ги изложува на закани и напади, правни притисоци и агресивен прогон.

Се посочува и дека владини функционери знаат да имаат лош и омаловажувачки однос кон новинарите, а на институциите им се забележува и за слабата транспарентност. Има силна политичка поларизација, притисоци од властите, политичарите и бизнисмените, а и партиски паралелни медиумски системи и кај власта, и кај опозицијата. Јавниот радиодифузен сервис нема уредувачка и финансиска независност, редакциите се изложени на економски притисоци од сопствениците, има влијанија помеѓу маркетиншките агенции и одредени медиумски куќи,

државното финансирање е ограничено и нетранспарентно, а независните медиуми главно се потпираат на донаторите, кои придонесуваат само за опстанок, но не и за понатамошен развој.

Ова е само дел од поважните поенти од извештајот на „Репортери без граници“, кој треба да биде анализиран целосно и со внимание, а секој од посочените чинители треба да преземе одговорност за недостатоците и нивно адресирање и отстранување. И властите и опозицијата, и институциите и партиите, но и самите медиуми и професионалните организации.

Од институциите се очекува да создадат услови за поголема безбедност на новинарите и нивна заштита од напади, но и поголема транспарентност и покоректен однос кон нив. Недостасува и стратешки пристап и институционални механизми за справување со дезинформациите и хибридните закани. Од политичките партии и политичарите – помалку дезинформации и пропаганда што ја зголемува поларизацијата и ги оневозможува речиси сите покрупни општествени зафати, не само оние важни за медиумските слободи.

На медиумските професионалци, освен со политичките и економските притисоци, им претстои битка за справување со индустријата на дезинформациите, за почитување на професионалните стандарди и за враќање на довербата во медиумите. Овие битки се неопходни за опстанокот на професионалните медиуми и исцртување на јасна линија помеѓу нив и кујните за производство на пропаганда, лаги и говор на омраза. Впечаток е дека самиот еснаф продолжува ги избегнува овие битки за „прочистување“ во своите редови.

Овие зафати можат да вродат со плод само доколку се спроведат во меѓусебна координација и добра волја и доверба меѓу сите засегнати актери, нешто што очигледно недостасува досега. Дали е возможно тоа да се постигне во блиската иднина? Не е невозможно, но ќе биде исклучително тешко.

*(авторот е претседател на*
*Институтот за медиуми и аналитика ИМА)*

iM@

